ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Бр.12-323/8**

**Скопје, 12.04. 2010 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 и 2009 година, на проектот „Интегрирана програма за развој на човечки ресурси низ едукација и промоција на локални продукти и гастрономија“ кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на проектот „Интегрирана програма за развој на човечки ресурси низ едукација и промоција на локални продукти и гастрономија“ за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Панчо Минов, градоначалник на Општина Кавадарци за времетраење на проектот.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во деновите 25 и 26 јануари 2010 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата согласно склучениот договор.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на проектот „Интегрирана програма за развој на човечки ресурси низ едукација и промоција на локални продукти и гастрономија“ во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење во реализацијата на проектот „Интегрирана програма за развој на човечки ресурси низ едукација и промоција на локални продукти и гастрономија“, остварено е законско користење на средствата и истите се потрошени за намената за која се предвидени.

Скопје 06.04.2010 година　　　　　　　　　Овластен Државен Ревизор

**ИНТЕГРИРАНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ НИЗ ЕДУКАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПРОДУКТИ И ГАСТРОНОМИЈА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 и 2009**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | буџет | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | 3,1 | 10.443 | 10.443 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | | **10.443** | **0** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 94 | 94 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 2.514 | 1.924 | 480 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2.608** | **2.018** | **480** |
| **Капитални расходи** | 3.3. | **7.835** | **3.825** | **4.010** |
| **Вкупно расходи** | | **10.443** | **5.843** | **4.490** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | | **4.600** | **110** |

**ИНТЕГРИРАНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ НИЗ ЕДУКАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПРОДУКТИ И ГАСТРОНОМИЈА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 110 | 4.600 |
| **Вкупно тековни средства** | | **110** | **4.600** |
| **Вкупна актива** | | **110** | **4.600** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 110 | 4.600 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **110** | **4.600** |
| **Вкупна пасива** | | **110** | **4.600** |